**На 15-тиот семакедонски собир по повод 145 години од раѓањето на револуцонерот Гоце Делчев, 4-ти февруари 2017 годиина во Прилеп, представници на македонските организации од Р Македонија, Р Грција, Р Бугарија, Р Србија, Р Албанија, Гора - Косово, Р Хрватска и дијапората ја донесоа следната:**

# ДЕКЛАРАЦИЈА

1. Согласно со општите меѓународни акти за правото на слободно изјаснување и самопределување, правото на слободна мисла и слободно изразување, личните права и слободи на личноста и граѓаните, ние, Македонците ,како и сите други нации од соседството, имаме право на своја матична држава .

2. Република Македонија како држава на Македонците во себе ги има сублимирано историските, културните, лингвистичките, политичките, етнографските, етнолошките, и другите онтолошките, државнотворните , антрополошките и биолошко–генетските карактеристики на територијата на која е расположена денешната држава на Македонците.

3. Македонскиот идентитет и ентитет се потврдени со неприкосновени, аргументирани и содржајни сознанија – културни, историски, демографски, онтолошки, лингвистички, антрополошки и тие не треба да бидат тема на никакво оспорување или негирање.

4. Националните симболи на Република Македонија се дел од македонскиот идентитет, македонската култура и историја и нивна замена со мултиетничи симболи ќе значи директен атак врз Р Македонија како матична држава на целиот македонски народ каде и да е.

5. Секој акт, изјава или став на негирање на правото од точка 1, 2, 3 и 4 од оваа Декларација го сметаме за грубо кршење на правото наведено во точка 1 од оваа Декларација.

6. Република Македонија, е матична држава на македонскиот народ и држава на другите национални заедници кои живеат во неа и ги уживаат сите граѓански права, исто како макеоднскиот народ а кои национални заедници, имаат , културни матици како држави, во соседството (Албанија, Грција, Бугарија, Србија и др.)На различните национални заедници во државите на Балканот треба да се гледа на како своевидно богатство на убавината на разноликоста, кое треба да биде мост за соработка на Балканот а не предмет на манипулација од страна нивните културни матици за остварување на нивните големодржавничките идеи.

7. Негирањето македонскиот идентитет, македонската нација и култура, македонскиот јазик, кое доаѓа од официјалните власти и политичари на соседните држави, Албанија, Грција, Бугарија, Србија, не значи ништо друго, туку само **грубо негирање на државноста на Република Македонија и кршење на основните права на Македонците, гарантирани со општите меѓународни акти**.

8. Националните симболи и нивна замена со мултиетнички не смеат да бидат предмет на пазарење за создавање на сегашни или идни владини коалиции.

– На секое менување на националните симболи да предходи референдум, на кој би се изразила волјата на македонскиот народ.

9. Правата на малцинствата во Република Македонија да бидат соодветно поткрепени со спроведување на кредибилен попис на населението и домаќинствата.

10. Правата на малцинствата да соодетствуваат на одредбите од повелбите на ЕУ и ОН, а не да бидат дневнополитички желби и предмет на политиканство.

11. Државата Македонија, конечно, да застане на браникот на правата на своите малцинства бескомпромисно и секаде и таа обврска да биде вратена во уставот на Р Македонија.

12. Поради фактот што Р Македонија е држава во која се применуваат највисоките стандарди во остварувањето на правата на другите национални заедници, бараме да се применува принципот на **реципроцитет**, односно Р Македонија да бара и другите држави да ги имаат истите стандарди за македонските национални заедници во тие држави. Тоа посебно се однесува на Р Албанија, која го потикна донесувањето на пратформата на албанскиот блок на партии од Република македонија со посредство на претседателот на Р. Албанија Еди Рама мешајќи се на тој начин директно во внатрешните работи на Р.Македонија потикнувајќи ги барањата на Албанците во Македонија до непристојно ниво, со промена на национални симболи и промени во Уставот на Р М, со што отворено ги изрази големоалбанските идеи и директно се вмеша во внатрешните работи на Македонија, и тоа во предизборен период. Апсурдноста на овој потег на „големиот демократ“. Еди Рама се состои во тоа што, на Македонците од Голо Брдо, Гора, Тирана, Елбасан, Драч и во други места во Албанија не им е обезбедено изучување на мајчиниот јазик ни во основниот, прв степен на образовние во Р.Албанија.

13. Да се спроведи кредибилен попис на населението во Р.Македонија, кој ќе овозможи утврдување на точниот број граѓани, припадници на Македонкскиот народ и другите национални заедници во Р Македонија

14. Бараме Скопје и Тирана да потпишат билатерален договор за основните права на Македонците во Албанија и на Албанците во Македонија на реципроцитетна основа.

15. Се подржува во целост усвоената резолуција од страна на Федералната Унија на Европските Националности (ФУЕН) на нејзиниот 61 конгрес одржан во Вроцлав, Полска која се однесува на подоббрување на правата на македонското национално малцинство во Албанија

.

**16.** На овој собир ние присутните изразиваме, јасен став во однос на преговорите околу разликата за името на Република Македонија со нејзиниот јужен сосед Република Грција.

Ние претставници на Македонските организации од Република Македонија, Р. Албанија, Грција, Р. Бугарија , Р. Хрватска Р. Србија и дијаспората.
едногласно БАРАМЕ :
**Владата** на Република Македонија под итно да ги прекини преговорите за разликите околу името на Република Македонија со Република Грција и

членството во Обединетите нации и во сите меѓународни организации да го продолжи под нејзиното уставно име Република Македонија без латинична транскрипција на македонски јазик (Republika Makedonija) туку на англиски јазик - Republic of Macedonia, со нотифицирање на македонскиот народ и македонскиот јазик што е и дирекна разлика со северната Грчка провинција Македонија и југозападната бугарска провинција Македонија и претставува основа за потврда од страна на генералното собрание на Обединетите нации со донесување на Резолуција од негова страна. Оваа резолуција да се донесе на Генералното собрание на ОН со мнозинство гласови од сите присутни држави од кои држави голем дел ја имаат признато Република Македонија под нејзиното уставно име!
Кон овој итен чекор владата треба да пристапи затоа што :

1. Раговорите околу името се бесмислени а сета досегашна постапка апсурдна
2. ПОД УСТАВНО ИМЕ сме Признати од 135 држави во светот од кои трите најмоќни САД, Русија и Кина постојани членки во советот на безбедност при ОН и токму заради нивната почит кон нас, повелбата на обединетите нации и се разбира нивното позитивно читање на меѓународното право не обврзува да истраеме и покрај сите притисоци од страна од претставници на држави и организации базирани на силата а не на правото .
3. Штетите од продолжување на преговорите околу разликата со името имаат и ќе имаат несогледиви последици во сите сегменти од Македонската држава и македонскиот народ.

4.Апелираме до политичките фактори на Европската Унија да разберат дека цената која ја бараат од македонците од Р.Македонија, за влез во Европскат Унија , солидаризираќи се со Р.Грција за промена на нашето вековно име е первисока . Проментат на името на Р.Македонија , заедно со невидениот притисок од страна соседите на Република Македонија, кои не ја признаваат ни територијата, ни границите, ни народот ни јазикот ни државата ни црквата, ќе доведе до долгорочна и трајна дестабилизација на Македонија, регионот и Балканот во целина. Само влезот во ЕУ под уставното име Р.Ракедонија може да ги запечати сите аспирации на соседите и обезбеди стабилност на Балканот.

Од овој собир упатуваме поздрав кон народот и владата на Република Малта кои во овие тешки моменти за нас Македонците покажа како и малите држави достоинствено и самостојно знаат и умеат да застанат зад правото и правдината и ја донесат вистинска одлука во време кога и е најпотребна на Република Македонија – наше признавање под уставното име РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Доставено до:

- Влада на Република Македонија
- Амбасадите на споменатите држави во оваа декларација
- Организација на Обединети Нации (ООН)